**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр.1403 – 306/4**

**Скопје, 08. 04. 2008 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ТЕТОВО**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на општина Тетово за 2006 година, кои се прикажани на страните од 5 до 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на општина Тетово за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапуван од :

- Хазби Лика, Градоначалник на општина Тетово во 2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 4 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 13.12.2007 до 15.01.2008 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

***Овластен државен ревизор***

______________________

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 25.03.2008 година примени се забелешки по Предходен извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2006 година на општина Тетово за средствата на сметката на Буџетот, под број 07-618/2 од 25.02.2008 година, од законскиот застапник – Градоначалникот на општина Тетово. Истите се разгледани при што е одлучено следното:

- забелешките на наодите од точките 10.3.1. и 10.4.1. не се прифаќаат и наодите останува во Конечниот извештај од причина што ревизијата не доби релевантен и достатен ревизорски доказ, како основ за нивно прифаќање.
- забелешките кои се однесуваат на наодот од точка 10.4.2., не се прифаќаат и наодот останува во Конечниот извештај од причина што истиот има карактер на известување за преземени мерки и активности по дадените препораки од ревизијата за отстранување на утврдените неправилности.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**11.1. Систем на интерни контроли во процесите**

**Процес на буџетирање**

При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на буџетирање, ревизијата констатира дека воспоставените контроли можат да спречат ризик од ненавремено донесување на буџетот. Имено постои јасно дефинирана организациона структура и соодветно разграничување на надлежностите и одговорностите на вработените во процесот на буџетирање. Исто така постојат пишани процедури (буџетски календар) со јасно утврдени рокови во кои:
- градоначалникот до општинските буџетски корисници ги доставува главните насоки за изготвување на финансиските планови;
- општинските буџетски корисници ги доставуваат своите финансиски планови до градоначалникот и
- градоначалникот го доставува предлогот на буџетот до Советот на општината.

**11.2. Неправилна примена на акти**

11.2.1. Фондот за локални патишта на општина Тетово е укинат на 31.03.2006 година што е спротивно на Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа според кој општинските фондови требало да се укинат на 01.07.2005 година. Причина за тоа е несоодветната примена на Законот и има за ефект работење на субјект во период за кој не постои позитивна законска регулатива, што може да предизвика незаконско и ненаменско користење на средствата.

### 11.3. Неправилна примена на сметководствени политики и начела

11.3.1. Општина Тетово со Буџетот за 2006 година има планирано приходи/расходи во износ од 199.960 илјади денари, меѓутоа во текот на 2006 година реализирани се приходи во износ од 164.115 илјади денари и расходи во износ од 156.694 илјади денари при што е остварен вишок на приходи во износ од 7.421 илјади денари. Планираните приходи се остварени со процент од 82,07%, а расходите со процент од 78,36%. Според тоа, општина Тетово имала обврска да донесе ребаланс согласно член 36 од Законот за буџетите, заради неостварување на планираните приходи за повеќе од 5%, кој го донесува Советот на општината на предлог на градоначалникот. Ефектот од тоа е неусогласеност на остварените и планираните приходи и расходи, на буџетот за 2006 година.

**Препорака:**

Градоначалникот на општината во случаите кога остварувањето на приходите планирани со буџетот отстапува за повеќе од 5% е должен до Советот да предложи ребаланс на буџетот.

### 11.4. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите

11.4.1. Приходите по основ данок на промет на недвижности и права се пресметани и наплатени во помал износ за 472 илјади денари поради погрешно утврдена даночна основица при продажба на недвижен имот со јавно наддавање, бензинска пумпа со пратечки објекти и земјиште со површина од 2.383 м2 сопственост на АТП „Полет„ Тетово во извршна постапка, спроведена од страна на Основниот суд Тетово. По овој предмет погрешно е утврдена и даночната основица за ДДВ кој е помалку пресметан и платен во износ од 2.600 илјади денари, за колку што е оштетен Буџетот на Република Македонија. Причина за тоа е погрешната примена на одредбите од Законот за даноци на имот и одредбите од Законот за данок на додадена вредност со кои се регулира основицата за овие даноци. Ефектот од тоа е помалку пресметани и наплатени приходи.

**Препорака:**

Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот да ја утврдува основицата за данок на промет во извршната постапка, согласно одредбите од Законот за даноците на имот.

11.4.2 Ревизијата се оградува од давање мислење за реалноста и објективноста на приходите искажани во финансиските извештаи за 2006 година бидејќи општина Тетово не остварува целосна наплата на сопствените приходи во делот на локалните надоместоци кои се строго наменски.

Со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа е уредено дека работите на утврдување и наплата на сопствените приходи на општините утврдени со закон ги врши општинската администрација, меѓутоа, во општина Тетово, наплатата на надоместокот за уредување на градежно земјиште ја врши ЈП „Геоинжинеринг„, чија основна дејност е уредување на градежното земјиште на територијата на општината. Ваквиот начин на работење произлегува од воспоставена пракса од минати години и создава можности за ненаменско и незаконско користење на строго наменските средства.

**Препорака:**

Градоначалникот и Советот на општина Тетово да преземат мерки надлежноста утврдена со закон во делот на утврдување и прибирање на сопствените приходи (надоместокот за уредување на градежно земјиште), како и уредувањето на градежното земјиште да ја извршува општината, заради воспоставување механизми на контрола и наменско користење на прибраните приходи по овој основ.

**11.5. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба**

11.5.1. На крајот на 2006 година се искажани помалку краткорочни побарувања во износ од 142.068 иљади денари, поради неевидентирани побарувања по повеќе основи, спротивно на одредбите на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Општина Тетово, со состојба на 31.12.2006 година, во сметководството ги нема евидентирано ненаплатените побарувања и тоа:

- побарувањата по основ на данок на имот во износ од 91.505 иљади денари;
- побарувањата по основ на комунална такса за истакнување на фирма, реклами во износ од 40.591 иљада денари;
- побарувањата по основ на комунална такса за користење на јавни површини пред деловните простории во износ од 7.502 иљjади денари и
- побарувањата во износ од 2.470 иљади денари кои се преземени од Фондот за локални патишта по неговото укинување на 31.03.2006 година.

Неевидентирањето на побарувањата придонесува за нереално и необјективно искажување на билансните позиции и финансиските извештаи.

**Препорака:**

Одделението за сметководство, согласно Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, е должно во сметководството да ги евидентира сите побарувања кои ги има од коминтентите по разни основи.

12. Според наше мислење, поради наодите во точката 11.4. и 11.5. финансиските извештаи не ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на општина Тетово на ден 31 Декември 2006 година, и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, кај сметката на Буџетот на општина Тетово остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

14. Во врска со наодите од ревизорскиот извештај за 2003 година, за сметката на Буџетот на општина Тетово, од страна на надлежните од општина Тетово е постапено согласно важечката законска регулатива и во работењето за 2006 година не се јавуваат наоди кои се констатирани во претходно споменатиот извештај.

**Скопје 02.04.2008 година** **Овластен државен ревизор**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 ГОДИНА

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 88,210 | 51,704 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 8,202 | 2,125 |
| Капитални приходи | 3.3. | 154 | 0 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 67,549 | 165,206 |
| **Вкупно приходи** | | **164,115** | **219,035** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.5.1. | 28,756 | 21,601 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.5.2. | 4,108 | 3,545 |
| Стоки и услуги | 3.5.3. | 34,829 | 20,951 |
| Тековни трансфери до единиците на локална самоуправа | 3.5.4. | 0 | 533 |
| Субвенции и трансфери | 3.5.5. | 6,765 | 1,863 |
| Социјални бенефиции | 3.5.6. | 287 | 6 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **74,745** | **48,499** |
| **Капитални расходи** | 3.6. | **81,949** | **154,205** |
| **Вкупно расходи** | | **156,694** | **202,704** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **7,421** | **16,331** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2006 ГОДИНА

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образло жение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 7,421 | 16,331 |
| **Вкупно тековни средства** | | **7,421** | **16,331** |
| **Вкупна актива** | | **7,421** | **16,331** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 5.1.1. | 7,421 | 16,331 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **7,421** | **16,331** |
| **Вкупна пасива** | | **7,421** | **16,331** |